**20141253961**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 2 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# НАРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ МЕРКИ И КОНТРОЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО ОД КОНТАМИНЕНТИ ИЛИ РЕЗИДУИ КОИ СЕ ПРЕНЕСУВААТ ОД ЖИВОТНИТЕ ИЛИ ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ВО 2014 ГОДИНА

Член 1

Во Наредбата за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животните или производите од животинско потекло во 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/14 и 116/14 ), членот 3-а се менува и гласи:

„Член 3-а

(1) Операторите со храна од животинско потекло треба да востановат процедура за испитување на репрезентативен примерок од најмалку една мостра по група на производи (по тип на производство-третман и тип на суровина), на готов производ и брисеви од работната средина еднаш месечно со цел исполнување на посебните барања за безбедност на храната на Listeria monocytogenes по однос на микробиолошките критериуми согласно Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храна.

(2) Земањето на мостри за лабораториското испитување од став (1) на овој член треба да се врши под надзор на официјален ветеринар."

Член 2

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-6053/2
21 август 2014 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски**, с.р.